АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА за СУПЕРВИЗИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08 - 8601/1
25. 12. 2019 год-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** Друштва за осигурување

**Предмет:** Циркуларен допис

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со идентификуван проблем од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување при постапувањето по претставки, со кој се соочуваат осигурениците/оштетените во процесот на обесштетување по основ на класа 01-Колективно осигурување од незгода.

Односно, пристапот на друштвата за осигурување при обработка на штети по колективно осигурување од незгода кога смртта на осигурениот работник настанала како последица на хронично заболување.

Истото ќе го елаборираме со следниот пример:

Настапува смрт од хронична болест кај осигуреник, дијагностицирана пред осигуреникот да биде примен во осигурување во односното друштво за осигурување. Штетата се пријавува по полиса за колективно осигурување од незгода. Посочуваме дека осигуреникот првпат бил примен во осигурување пред да биде дијагностицирана болеста и истиот во континуитет има колективно осигурување од незгода, но во различни друштва за осигурување.

Врз основа на горенаведениот пример, Ве молиме да одговорите на следните прашања:

1. Дали според Вашите услови за осигурување постои континуитет во осигурување во случај кога осигуреникот при колективно осигурување од незгода преминува од едно во друго друштво за осигурување?
2. Имајќи го предвид наведениот случај, дали согласно Вашите услови за осигурување и праксата при обработка на штети, позитивно би го решиле отштетното побарување?

Ве молиме, одговор по прашањата да доставите до Агенцијата, најдоцна до 27.12.2019 година.

Доколку имате дополнителни прашања во врска со овој допис, можете да се обратите на ana.sekulovska@aso.mk или на телефонскиот бр. 02 3254 070.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**
Крсте Шајноски

**Изработил:** Ана Секуловска